ngm

# ART
# I.N.S.T.I.T.U.T.

## TACTICA INSTITUTIONALIS

МАЛА СТАНИЦА • MALA STANICA

## TACTICA INSTITUTIONALIS

Делувањето на уметничкиот колектив Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. во изминатиов период од година и половина отвора нова страница во најновата историја на уметноста во Македонија. Колку и претенциозно да делува овој вовед, иако делува како клише во пишувањето на предговори, сепак ова би требало да го антиципираме како непобитна вистина чиј епилог би бил на разгледување по неколку десетлетија.

Создавањето на овој колектив е иницирано од идејата „да се подигне свеста на поширокета јавност во однос на современата уметност и интеркултурниот дијалог со помош на огромната моќ на уметноста преку нејзините средства и ненасилно да ги менува нештата во нашето општество во позитивна насока", што всушност може и да се нарече нивен манифест. Токму за ова говори и самото име на колективот Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. (Иновативна, Научна, Студија на Трудот, Идеализмот и Трансценденталноста на Уметноста и Творештвото).

Од досегашните нивни изложби, перформанси, инсталации, интерактивни театарчиња..., воочливи се побуната и интересот да се создаде ликовен јазик на меѓусебно поврзување во заеднички проекти кои ја деконструираат конвенционалноста и апсолутноста на уметничкото дело. Работата во група или колектив подразбира и меѓусебно поврзување и „воспоставување врска" и креирање една таканаречена матрица која од „колективен индивидуализам" преминува во „индивидуален колективизам", сè со цел да се постигне енергија на нова, повисока и неограничена свест во уметничкиот израз.

*Tactica institutionalis* е продолжение на заедничките цели во уметноста на колективот Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. каде се практикува оплодување на нивните идеи, пристапи и уметнички практики, се зголемува колективната интелигенција овозможена од вкрстување и комбинирање на повеќе креативни умови и дисциплини, со што се збогатуваат нивната (а и нашата) социјална активност и перцепцијата преку вмрежување на капацитетите кои се вклучени.

Горанчо Ѓорѓиевски

## TACTICA INSTITUTIONALIS

In the course of the past period of a year and a half, the performance of the art collective Art I.N.S.T.I.T.U.T. opens a new page in the latest history of art in Macedonia. As pretentious as this introduction may seem, as seemingly a cliché of writing introductions it may look, yet, it is to be anticipated as irrefutable truth, the epilogue of which shall be a subject of discussion even a few decades later.

The creation of this collective has been initiated by the idea "to raise the consciousness of the general public in regard to the modern art and the intercultural dialogue, thus, by means of the enormous powers of the art to non-forcibly change and direct the things in our society in a positive direction", which, in fact, can be referred to as their manifest. This is exactly what the very name of the collective Art I.N.S.T.I.T.U.T.E denotes (Innovative, Scientific, Study of the Effort, the Idealism and the Transcendentalism of the Art and the Creativity).

The to present date exhibitions of theirs, performances, installation arts, interactive little theaters…, make note of the revolt and the interest in creating an art language of mutual connection of the shared projects, which shall deconstruct the conventionality and the absolutism of the work of art. Working in a group or a collective means mutual connection and "making a bond" and creating of a, so called, matrix which from a "collective individualism" passes to an "individual collectivism", having a unique purpose to attain the energy of a new, higher and unlimited consciousness of the art expression.

*Tactica Institutionalis* is continuation of the common purposes in the art of the collective Art I.N.S.T.I.T.U.T.E., where the reproduction of their ideas, approaches and art traditions is a common practice, where the collective intelligence, enabled by crisscrossing and combining of more creative minds and disciplines is being increased, which altogether enriches their (and our) social activity and perception through netting of the incorporated capacities.

Gorancho Gjorgjievski



**Благојче Наумоски - Бане**
*Позитив-негатив-преобразби*, 2011
инсталација, димензии варијабилни

**Blagojche Naumoski - Bane**
*Positive-Negative-Transformations*, 2011
installation, variable dimensions



Марко Георгиевски
*Џентлмен!*, 2011
инсталација, димензии варијабилни

Marko Georgievski
*Gentlemen!*, 2011
installation, variable dimensions



**Урош Вељковиќ**
***Близу до очите,***
***далеку од срцето*, 2011**
**инсталација,**
**димензии варијабилни**

**Urosh Veljkovic**
***Close to the Eyes,***
***far from the Heart*, 2011**
**installation,**
**variable dimensions**



Кристина Хациева
*Без наслов*, 2007
акрил на платно, 250 x 175 cм

Kristina Hadzhieva
*No Title*, 2007
acrylic on canvas, 250 x 175 cм



Марија Димишкова
*Фреквенции*, 2011
инсталација,
димензии варијабилни

Marija Dimishkova
*Frequencies*, 2011
installation,
variable dimensions



**Ladislav King**
***Beyond Bizarre*, 2010**
**дигитален принт, 100 x 70 см**

**Ladislav King**
***Beyond Bizarre*, 2010**
**digital print, 100 x 70 см**



Зорица Зафировска
*Е-72 АСО*, 2011
рапидограф на хартија, 140 x 100 см

Zorica Zafirovska
*E-72 ACO*, 2011
rapidograph pen on paper, 140 x 100 cm

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

## Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. - биографија:

Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. е уметничка група формирана во Скопје, август 2009 година, најпрво како неформална група, а од февруари 2010 година го продолжи своето дејствување како официјално здружение на граѓани Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. (Иновативна, Научна, Студија на Трудот, Идеализмот и Трансценденталноста на Уметноста и Творештвото). Целта на оваа организација е да ја подигне свеста на пошироката јавност во однос на современата уметност и интеркултурниот дијалог, со помош на огромната моќ на уметноста преку нејзините средства, ненасилно да ги менува нештата во нашето општество во позитивна насока. Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. со својот ентузијазам, заборавените и долго неупотребувани простории на Геолошкиот институт во Скопје ги пренамени и ги претвори во еден од најзначајните културни центри во градот. Културните настани кои Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. ги реализираше во своите простории благодарение на современиот пристап и свежите идеи, привлекоа изненадувачки бројна публика, а не изостанаа и медиумите и позитивните критики. Серијата проекти кои Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. ги реализираше започнаа со перформансот *Let's fuck them with purple*, со кој културниот центар беше свечено отворен во септември 2009 година, за во наредните месеци да следуваат голем број самостојни и групни изложби, перформанси и креативни работилници меѓу кои: Обид 0, *Let's fuck them with purple – remix*, Феноменот на играта во метафоричноста на сликата, Алтернативни знаци, Идентитет на делото – Автор, Минато идно навраќање, *Hairprints*, Врти-сучи, Сон, ИНТЕР-АРТ-ИНТЕР-АКТ, Купус парти, *Coloring the City*, Уметни уметци уметнати од уметници кои умеат да уметникуваат, Љубовта е како порција свежо пржени шампињони и смрт, Свод од сонце – под од кристали, Вајстина Уметност, Опсерваторија на сонувачите, Разбудена бунтовност, Визуелноста на просторноста на квантумот, *Outside the Box*, *No Borders*, 4 состојки за совршен уметник, *Walking Lilith*, 5 Состојки за совршен уметник, Купус парти 2 и *Loading...* Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. во период на своето дејствување има остварено соработки и со невладините организации Д2 и Конструктор и неформалните групи Ф.Р.И.К. банда, 5 на куб(п), *Mainstream Art Photography*, Танго банда и др.

Членови на Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.

Уметничката група Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. има деветнаесет членови и тоа: Ана Ивановска, Ангел Миов, Благоја Блажевски (Ladislav King), Благојче Наумоски-Бане, Борче Богоевски, Весна Велеска, Горан Боев, Далибор Тренчевски, Даниел Петровски, Зорица Зафировска, Игор Китановски, Кристина Хаџиева, Маја Кировска, Марија Сотировска, Марко Георгиевски, Никола Радуловиќ, Татјана Ристевска, Урош Вељковиќ и Христина Зафировска, кои иако се млади уметници имаат стекнато богато искуство, преку својата активна работа на полето на уметноста и реализацијата на многубројни самостојни и групни проекти во изминативе години.

На оваа изложба излагаат: Благојче Наумоски-Бане, Урош Вељковиќ, Марко Георгиевски, Кристина Хаџиева, Марија Димишкова, Ladislav King, Зорица Зафировска







## Art I.N.S.T.I.T.U.T. - Biography:

Art I.N.S.T.I.T.U.T. is an art group formed in Skopje, in August 2009, at first as an informal group, afterwards, in February 2010 continues its performance as an official association of citizens – Art I.N.S.T.I.T.U.T (Innovative, Scientific, Study of the Effort, the Idealism and the Transcendentalism of the Art and the Creativity). The purpose of this organization is, by means of the enormous power of the art, to raise the consciousness of the general public in regard to the modern art and the intercultural dialogue, thus, using its means to non-forcibly change and direct the things in our society in a positive direction. With its enthusiasm, Art I.N.S.T.I.T.U.T. has enabled new role to the forgotten and for a long time unused facilities of the Geological Institute of Skopje, and has turned them into one of the most important cultural centers of the city. All the cultural events that, thanks to the modern approach and the fresh ideas the Art I.N.S.T.I.T.U.T. has realized in its premises, have attract an amazingly large number of audience, and, neither the media nor its positive critics were missing. The series of projects carried out by the Art I.N.S.T.I.T.U.T., started with the performance Let's fuck them with purple, which marked the festive opening of the Cultural Center in September 2009, whereas in the next months followed a large number of individual and group exhibitions, performances and creative workshops, including: Attempt 0, Let's fuck them with purple – remix, the Phenomenon of the play in the metaphor of the painting, Alternative signs, the Identity of the creation – Author, Future in the past flashback, Hairprints, Either Way you Turn, A Dream, INTER-ART-INTER-ACT, Bedlam party, Coloring the City, Arty are the Artists Art-set by Artists who have the Art to Art, Love is like a portion of freshly fried mushrooms and death, Sunny Arch – Crystal Floor, Art Indeed, Dreamers' Observatory, Awaken rebellion, The Visibility of the Quantum Space, Outside the box, No borders, 4 Ingredients for a Perfect Artist, Walking Lilith, 5 Ingredients for a Perfect Artist, Bedlam party 2 and Loading… In the course of its performance period, the Art I.N.S.T.I.T.U.T. has as well realized co-operations with the non-governmental organizations D2 and Constructor, as well as with the informal groups F.R.I.K. Gang, The Cube of 5, Mainstream Art Photography, Tango Gang, etc.

## Members of Art I.N.S.T.I.T.U.T. :

The art group Art I.N.S.T.I.T.U.T. encompasses nineteen members: Ana Ivanovska, Angel Miov, Blagoja Blazhevski, Blagojche Naumoski-Bane, Borce Bogoevski, Vesna Veleska, Goran Boev, Dalibor Trencevski, Daniel Petrovski, Zorica Zafirovska, Igor Kitanovski, Kristina Hadzhieva, Maja Kirovska, Marija Sotirovska, Marko Georgievski, Nikola Radulovik, Tatjana Ristevska, Urosh Veljkovic and Hristina Zafirovska, who, in spite of being young artists, have gained very rich experience through their active work in the field of art and through the realization of multiple individual and group projects in the course of the past few years.

At this exhibition the artists below shall be presented: Blagojche Naumoski-Bane, Urosh Veljkovic, Marko Gjorgjievski, Kristina Hadzhieva, Marija Dimishkova, Ladislav King, Zorica Zafirovska



Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.
TACTICA INSTITUTIONALIS
Мала станица, април 2011

НУ Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: ++389 (0)2 31 26 856
Факс: ++389 (0)2 31 09 566
контакт: contact@nationalgallery.mk
www.nationalgallery.mk

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија, Скопје
За издавачот: Маја Крстевска, директор
Куратор: Горанчо Ѓорѓиевски
Текст: Горанчо Ѓорѓиевски
Дизајн: Урош Вељковиќ и Теона Блажевска
Лектура: Кирил Ангелов
Фотографии: Игор Василев и авторите
Превод на англиски: Валентина Данилова
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Art I.N.S.T.I.T.U.T
TACTICA INSTITUTIONALIS
Mala Stanica, April 2011

NI National Gallery of the Republic of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: ++389 (0)2 31 26 856
Fax: ++389 (0)2 31 09 566
Contact: contact@nationalgallery.mk
www.nationalgallery.mk

Published by: The National Gallery of Macedonia, Skopje
For the Publisher: Maja Krstevska, Director
Curator: Gorancho Gjorgjievski
Text: Gorancho Gjorgjievski
Design: Urosh Veljkovic and Teona Blazevska
Proofreading: Kiril Angelov
Photography: Igor Vasilev and the authors
Translated into English by: Valentina Danilova
Proofread by: Mihail Loparski
Printed by: Skenpoint, Skopje
Number of copies printed: 500

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

7.038.55(497.7)(06.064)
7.038(497.7)(06.064)

TACTICA institutionalis : [Art I.N.S.T.I.T.U.T., Mala stanica, April 2011 : Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т., Мала станица, април 2011 / [ текст Горанчо Ѓорѓиевски ; фото Игор Василев ...
и др. ]. Скопје : НУ Национална галерија на Македонија =Skopje : NI National Gallery of Macedonia, 2011. - [12] стр. : илустр. ; 21x21 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-9989-196-69-0

а) Ликовни инсталации - Современа уметност - Македонија - Изложи
COBISS.MK-ID 87745802